**ЗДРУЖЕНИЕ НА КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**
ул. „Босфор“ бр. 7 - 1041 Мралино, Илинден
Тел.: +389 2 3148 256, Е-пошта: zklm.org@gmail.com
www.zklm.org

IFATCA MEMBER

Скопје, 07.05.2025 година

Акционерско друштво [illegible] воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација
Shoqëria Aksionare në Pronësi Shtetërore për Menaxhimin e Trafikut Ajror dhe Dhënien e Shërbimeve në Navigacionin Ajror
M-HAB АД Скопје - M-NAV SHA Shkup

| Примено: / Pranuar më: | 07-05-2025 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. / Nj. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| 0405-499/1 | | | |

До УО на М-НАВ а.д. Скопје

**Предмет: БАРАЊЕ**

Почитувани,

Здружението на Контролори на летање на Македонија – ЗКЛМ е здружение чија примарна цел е унапредување, развој и афирмација на професијата контролор на летање како и осигирување на безбедност во авиосообраќајот и грижа за своите членови.

Како професионално здружение сакаме да изразиме загриженост по неуспешната транзиција на новиот АТМ систем во пресрет на новата сезона, и да побараме најпрво официјален извештај од Комитетот за Транзиција со цел нашето членство да биде упатено во вистинските причини поради кои М-НАВ а.д. Скопје не успеа да го имплементира LeadinSky АТМ системот во најавениот рок.

За жал сите системски и организациски дeцениски аномалии на М-НАВ а.д. Скопје на крајот се слеваат врз контролорите на летање од кои се очекува да го опслужат сообраќајот и беспрекорно да ги извршуваат своите работни задачи на 25 годишен АТМ систем. Наша задача како здружение е да ги заштитиме максимално во тој процес.

За таа цел ЗКЛМ го образложува и предлага следново:

1. Летната сезона е веќе започната со зголемен обем на сообраќај а контролорите на летање ќе го опслужуваат сообраќајот на постоечкиот АТМ систем за кого знаеме дека веќе постојат одреден број на безбедносни пријави поради нефункционалност. Од тие причини, **бараме Одделението за Интегрирани Менаџмент Услуги при М-НАВ а.д. Скопје, да направи анализа и да гарантира за кој процент на сообраќај споредбено со летаната сезона од 2024 година контролорите на летање би можеле безбедно да го опслужат сообраќајот на веќе постоечкиот АТМ систем**. Доколку ваква анализа е направена бараме истата да ни се достави. Ваквата анализа е пресудна во реализација на безбедна сезона и намалување на стресот кај активните контролорите.

2. Апелираме да се известат соседните ANSP провајдери од регионот за нашата ситуација (работење во летна сезона на засатарен систем) и да

**ЗДРУЖЕНИЕ НА КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**
ул. „Босфор“ бр. 7 - 1041 Мралино, Илинден
Тел.: +389 2 3148 256, Е-пошта: zklm.org@gmail.com
www.zklm.org

IFATCA MEMBER

Скопје, 07.05.2025 година

се воспостави процедура со која соседите би го превзеле нашиот сообраќај во случај на деградација на нашиот систем под прифатливото ниво или целосна деградација. Ова би била **привремена процедура за непредвидени настани поврзани со системот каде би можеле соседите да интервенираат во ваква ситуација а со цел опслужување на безбеден сообраќај** (panic button contingency procedure).

Овие две мерки се пресудни за да се заштитат контролорите на летање во случај на пад на постоечкиот АТМ системот.

Исто така, ЗКЛМ забележа и отстапување на УО од овогодинешниот план за селекција и вработување на нови контролори на летање. Бараме да се образложи динамиката со која планира УО да го обнови контролорскиот персонал кој во просек е веќе со поодминато годиште и расте ризикот за губење на професионалната способност од медицински причини. Обсервирано е сезонава и ставање на регулации поради недостаток на персонал во смена (staffing regulations) што е уште еден показател дека мора под хитно да се реагира за селекција на нови контролори.

**Бараме одговор и Ваша реакција во најбрз можен рок и ги нудиме нашите ресурси и членови во изготовка на заеднички идејни решенија за безбедна сезона 2025.**

Со почит,

Претседател на ЗКЛМ

Наташа Мијат Крстевска